Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Org.njësi Орг.един. Org.unit | Numri Број No. | Shtojca Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 254/3 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-53/4

29.03. 2024 год.-viti

Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 72 седница одржана на 28.02.2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Архитектура и дизајн", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Архитектура и дизајн", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер архитект /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Architecture. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 201 Архитектура, Научно – истражувачка област: 20100 - Архитектонско проектирање и дизајн 20101 - Структурални анализи 20102 - Нормативи во организацијата на просторот 20103 - Развој на архитектурата и урбанизмот и културното наследство 20104 - Методологија на проектирање 20105 - Градски центри 20106 - Рурална средина 20107 - Инфраструктурни системи 20108 - Материјали и технологија на градење 20109- Стандардизација на материјали и типизација на делови и градежен склоп 20110 - Монтажа во масовна изградба 20111-Префабрикација и монтажа во архитектура 20112 - Архитектонски конструкции 20113 - Конзервација и ревитализација на културно историски споменици 20114 - Урбано и просторно планирање и проектирање 20115 - Урбанистички нормативи 20117 - Архитектонска физика.
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 125 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 08-4044/5 од 24.10.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Архитектура и дизајн", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на Факултет за технички науки при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-254/1 од 24.01.2024 година (наш бр. 08 - 53/1 од 29.01.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 71-та седницата одржана на 30.01.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 53/3 од 26.03.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 72-та седница одржана на 28.02.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

[1] 03-254/3 [2024]